# Песни од *патување*




**ПРОГРАМ:**
Р. Шуман, Ј. Хајдн, Ј. Брамс,
Ж. Ибер, Р.В. Вилиамс, Г. Начевски,
Д. Андовска, Т. Зографски

**16**
**ЈУНИ**

МУЗЕЈ НА
МАКЕДОНСКАТА БОРБА
ПОЧЕТОК 20:00ч.
ВЛЕЗ СЛОБОДЕН

**ПИЈАНО**
ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА
ИВАНОВСКА

Република Северна Македонија
Министерство за култура

## Песни од патување

**Роберт Шуман** (1810 – 1856)

| | | |
|---|---|---|
| - Die beiden Grenadiere | | (Heinrich Heine) |

**Јозеф Хајдн** (1732 – 1809)

| | | |
|---|---|---|
| - Sailors song | | (Anne Hunter) |

**Јоханес Брамс** (1833 – 1897)

| | | |
|---|---|---|
| - Wie rafft ich mich auf | Op. 32 no.1 | (August von Platen) |
| - Nicht mehr zu dir zu gehen | Op. 32 no.2 | (Georg Friedrich Daumer) |
| - Meerfahrt | | (Heinrich Heine) |

**Жак Ибер** (1890 – 1962) , **циклус „Шансоните на Дон Кихот“ ***

| | |
|---|---|
| - Chanson de Départ de Don Quichotte | (P. de Ronsard) |
| - Chanson à Dulcinée | (A. Arnoux) |
| - Chanson du Duc | (A. Arnoux) |
| - Chanson de la mort de Don Quichotte | (A. Arnoux) |

**Вон Вилијамс** (1872 – 1958), **дел од циклусот "Песни од патување" ***

| | |
|---|---|
| - The Vagabond | (R.L.Stevenson) |
| - Let Beauty Awake | (R.L.Stevenson) |
| - The Roadside Fire | (R.L.Stevenson) |
| - Whither Must I Wander | (R.L.Stevenson) |

**Горан Начевски**

| | |
|---|---|
| - Параходот * | (македонска фолк песна) |

**Томислав Зографски** (1934 – 2000)

| | |
|---|---|
| - Марика мома убава | (македонска фолк песна) |

**Дарија Андовска**

| | |
|---|---|
| - Со маки сум се родил јас * | (македонска фолк песна) |

* македонска премиера

**Иван Наумовски**

Македонскиот басбаритон Иван Наумовски дипломира вокално пеење на Факултетот за Музичка Уметност во Скопје во класата на проф. м-р Марија Муратовска со највисоки почести cumlaude(2013). 2016-та година магистрира со највисоки почести Auszeichnung во одделот Musiktheater на државниот Универзитет во Грац, во класата на проф. д-р Том Сол и маестро Франк Крамер, за да ја оствари својата прва MA(Master of Arts) титула. Во Март 2021-вата година магистрира во областа Lied und Oratorio на државниот Универзитет во Виена (MDW) во класата на проф. Карлхајнц Ханзер, проф. KS Габриеле Фонтана и Проф. KS Ангелика Кирхшлагер, за да се здобие со уште една MA титула во областа на уметничката песна и ораториумот.

Како студент е освојувач на три балкански натпревари како и финалист на натпреварот "Klassik Tiroler Sängerpreis" во Инсбрук, Австрија, кој е пренесуван на третата австриска телевизиска програма (ORF3). Во неговата кариера бележи настапи со оркестарот на МОБ и Македонската Филхармонија, како и рецитали на фестивалите "Охридско лето", "Скопско лето", "Денови на македонската музика", "Интерфест- Битола", "Мајски оперски вечери" и "Есенски музички свечености".

Посетува интернационални мастеркласи кај Криста Лудвих, Бригите Фасбендер, Карлхајнц Ханзер, Габриеле Лехнер, Лидија Дуњко, Лаура Ејкин и Хелена Лазарска. Во универзитетските продукции во Грац настапува како солист во оперите Don Giovanni, Viva la mamma и Die Zauberflöte, каде што успева неговото име да биде поврзано со позитивни критики во одредени весници и медиуми. Покрај Грац, тој настапува и во (Віргл, Виена, Велс, Вајц, Инсбрук, Швајгерс, Ахенкирх и др.). 2014-та година дебитира на оперската сцена во опената во Грац со улогата на Викомте Каскада во оперетата Die Lustige Witwe. Во истата оперска куќа ја толкува главната улога на австриската премиерна опера од Елизабет Наске "Der Wuschpunsch", проектите "Росини за деца", и концертот на оперското студио. 2017-та настапува како дел од нивниот ансамбл на натпреварот за режисери "Ring Awards" во улогата на Малатеста. Добитник е на повеќе стипендии во Република Австрија, од кои најеминентни се стипендиите "Best of south East" и "AIMS" во Грац, кои му носат настапи во Grazer Musikverein, Minoriten Saal и Kasematten арената.

Низ неговата соло кариера, настапува и соработува со врвни имиња низ Норвешка, Франција, Австрија, Хрватска, Германија, Чешка, Косово, Босна и Херцеговина, како и низ својата земја. Во 2015-та година му е врачена престижната македонска награда "Виртуози" доделена од СОКОМ за најдобар млад уметник во Македонија. 2016-та дебитира во МОБ на отворањето на "Мајските оперски вечери" со главната улога во истоимената опера "Евгениј Онегин". Како почесен гостин е поканет да настапи на концертот по повод 50 години ФМУ, два концерти на маестро Симон Трпчески и на концертот на австрискиот реномиран сопран Ева Линд во Вила Ванфрид (Домот на Р.Вагнер), Бајројт. 2017-та настапува во Македонската Филхармонија со маестро Јерухам Шаровски, за потоа да продолжи на австриксиот фестивал "Musikwelten Festspiele" во Австрија, Чешка и Германија. 2020-та во Феринген и Ерinген настапува како Don Fernando во концертна изведба на "Fidelio", и како Бас солист во бетовеновата 9-та Симфонија. Истата година настапува заедно со Симон Трпчески на фестивалот "ДММ" со две премиерни композиции од композиторката проф. м-р Дарија Андовска. Покрај широкиот разновиден репертоар, тој често изведува дела од македонски композитори. Концертира во виенскиот Kursalon, палатите Liechtenstein и Eschenbach, Лобковиц, Арсенал и Шенбрун преку 120 пати годишно. 2021-ва дебитира на фестивалот "Охридско лето", како и со соло рецитал на фестивалот "Les Muiscales de Quiberon" во Франција. 2021-ва ја завршува со здружението ADAM во Виена со оперите Le nozze di Figaro и Cosi fan Tutte, каде ги толкува улогите на Figaro и Guglielmo.

Соработува со режисерите: Кристиане Луц, Доминик Мента, Роман Хофенбитцер, Оливие Тамбози, Барбора Хоракова, Дејан Пројковски, и со диригентите Франк Крамер, Ервин Ортнер, Јерухам Шаровски, Мариус Буркерт, Сашо Татарчевски, Паскал Галоа, Саша Николовски-Ѓумар, Манфред Мусауер, Борјан Цанев, Бисера Чадловска, Ивица Зориќ, Александар Калајџиќ и др.

Работи и соработува со независни вокални тренери од Америка и Европа, како што се Мэрис Скуја, Грета Бенини, Зита Чирк, Дитер Пајер, Џани Кришчак, Борис Бринкман, Елена Ларина, Димитри Василакис, Иштван Матиас, Пјотр Вишниевски, Татјана Максимова, Иштван Бонихади и др.

Во неговиот репертоар спаѓаат улогите на: Figaro (Mozart), Impresario, Malatesta, Papageno, Dandini, Vicomte Cascada, Don Giovanni, Schaunard, Escamillo, Eugene Onegin, Don Fernando, Beelzebub Irwittzer, Masetto и Guglielmo.

**Елена Атанасовска- Ивановска**

Пијанистката Елена Атанасовска - Ивановска е една од најуспешните и најафирмирани македонски уметници, издвојувајќи се со нејзиниот префинет звук и елегантен израз, но и нејзината огромна продуктивност, евидентна по големиот број на настапи во Македонија и надвор од неа. Елена настапувала како солист и камерен музичар во Шпанија, Италија, Португалија, Русија, САД, Грција, Република Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Косово, остварувајќи бројни концерти во рамките на домашните реномирани фестивали „Охридско лето", „Скопско Лето", „Есенски музички свечености", „Денови на Македонска музика", „Битолско лето", „Гевгелиска есен", но и фестивали надвор од земјава, како, „Сараевска Зима" - Босна и Херцеговина, „Festival de Musica do palacio da Bolsa" - Португалија, „Festival de Musica de-Sant Pere de Rodes" – Шпанија, „Guarnerius, Centar lepih umetnosti Jovana Kolundzije", „Camiarmonie" итн. Како камерен музичар Атанасовска редовно настапува со домашни и странски уметници како: Марија Ѓошевска, (пијано), Гордана Јосифова – Неделковска (обоа), Горан Начевски (баритон), Ристо Ѓоревски (кларинет), трио Триптих, Сергеј Петров (кларинет- Русија), Јакоб Бокун (кларинет- Полска), Пјер Генисон (кларинет – Франција), Тери Роудс (сопран - САД) и други. Во текот на својата наобразба кај педагозите: проф. Лепа Мрмевска и проф. Борис Романов се здобива со повеќе први награди на државните натпревари, како и многубројни награди на меѓународни натпревари во Италија, Бугарија, Србија. Исто така бележи и настапи како солист со Македонската филхармонија и Камерниот оркестар на Музичка младина на Македонија. Со научниот труд „ Биофидбек методата како начин и средство за подобрување на музичките перформанси кај студентите по пијано во Република Македонија" се стекнува со звањето доктор на науки. Атанасовска исто така активно остварува аудио записи.

Покрај компакт дисковите реализирани во соработка со пијанистката Марија Ѓошевска и кларинетистот Ристо Ѓоревски, таа непрекинато снима како соработник на оркестарот за филмска музика F.A.M.E.S, а од особено значење е издавањето на компакт диск за продукциската куќа DUX со музика од шведската кралска династија Бернадот. Елена Атанасовска Ивановска е вонреден професор на катедрата по клавишни инструменти при Факултетот за музичка уметност – Скопје.

**Chansons de Don Quichotte, Jacque Ibert (1890-1962)**

Жак Ибер ја компонира оваа збирка од 4 шансони за Дон Кихот во 1931-вата година како музика за филм базиран на романот на Мигел де Сервантес. Воедно ова е првата звучна адаптација на овој роман. Песните ги компонира за тогашниот оперски гигант, басот Федор Шалјапин, кој поради неговите природни актерски карактеристики и способности го глуми главниот протагонист во истоимениот филм режиран од австрискиот режисер Георг Вилхелм Пабст. Иако во филмот глуми Шалјапин, сепак филмот не е опера и во него се изведени само четирите песни кои Ибер ги компонира. Филмот е издаден во три верзии на француски, германски и англиски јазик и во сите три Шалјапин е во главната улога. Првата композиција е прилагодена на зборовите на поетот Пјер де Ронсар кој е предвесник на Мигел де Сервантес во 16-тиот век и еден од најценетите и реномирани поети во историјата на Франција. Неговата поема не е лично поврзана со романот Дон Кихот кој е издаден после неговата смрт и не е оваа поема во сооднос со карактерот. Ибер ја одбира неговата поема како поим за рицарство и авантура. Останатите три поеми се напишани од современикот на Ибер, Александр Арну кои се поблиски до темата на новелот на Сервантес. Во втората песна Дон Кихот пее за неговото чезнеење кон Дулчинеа; во третата песна тој изјаснува дека она е таа која го инспирира за неговите рицарски подвизи; во последната песна за неговата смрт, Дон Кихот му споделува на неговиот слуга Санчо дека иако тој умира, сепак ќе продолжи да живее во книгите.

**Songs of Travel, Ralph Vaughan Williams (1872 – 1958)**

Циклусот *"Песни од патување"* на композиторот Ралф Вон Вилијамс се наречени британскиот *"Winterreise"*. Овие два циклуси од Вилијамс и Франц Шуберт заедно ги делат темите како што се разделбата, скитањето, номадскиот живот, осаменоста и чувството на поврзување со природата. Шубертовиот циклус е два пати подолг во времетраење и содржи повеќе лутина, очај и сопствено исмејување, додека од друга страна кај Вилијамс доминира гордоста, меланхолијата, нежноста и емпатијата. Овие песни Вилијамс ги компонира во самиот почеток на 20-тиот век и со овој циклус го прави својот прв голем допринос према уметничката песна во музичката литература. За овој циклус тој ја користи збирката поезија со ист наслов напишани од Роберт Луис Стивенсон, кој ги создава неколку години порано. Во врска со содржината, курсот е насочен према љубовта и разделбата, но без раскажана прецизна приказна. Фокусот е даден на спомените на протагонистот и неговите чувства кон природата и номадскиот живот.